# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-38/4 од 17.1.2014 година донесена на 107. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област управување со туристички простор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 25.12.2013 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Тања Ангелкова-Петкова.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Тања Ангелкова Петкова** е родена на 24 јуни 1983 год. во Гевгелија. Основно и средно гимназиско образование завршува во Гевгелија. Високо образование завршува во 2006 година на Филозофскиот факултет, насока Социологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Во 2006 година запишува постдипломски студии на Факултет за туристички и хотелски менаџмент при Универзитет „Сингидунум" – Београд, Република Србија. Во 2008 година го одбранува магистерскиот труд со наслов: *„Специфични облици повезивања туризма у пољопривреде на Старој Планини"*.

Од 2009 година е докторанд на Универзитетот „Сингидунум" – Београд, Факултет за туристички и хотелски менаџмент. Насловот на докторската дисертација е „Улога на специфичните видови на туризам во ревитализација на пограничните подрачја помеѓу Србија и Македонија" (во оригинален назив: „*Uloga specifičnih vidova turizma u revitalizaciji pograničnih područja između Srbije i Makedonije*"), кај ментор проф. д-р Верка Јовановиќ. Во јуни 2012 год. јавно ја одбранува докторската дисертација.

Од октомври 2008 година д-р Тања Ангелкова-Петкова волонтира на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија, од март 2009 година е вработена како помлад асистент, а од 2012 година како асистент.

***Научноистражувачки проекти***

Д-р Тања Ангелкова, како млад истражувач, активно учествува во повеќе меѓународни проекти и тоа во улога на соработник/асистент, теренски истражувач, член на тим, регионален раководител и помошник-координатор на проект:

1. Проект: *Министерство за финансии на Република Македонија и Светска банка – IDA*. Член на теренско-истражувачкиот тим за мапирање на занемарените заедници и евалуација на социјалните потреби; фокус – групна работа. Март – јули 2004 година;
2. Модернизација на македонската економија за земјоделие и храна и нејзина апроксимација на ЕУ, Скопје. Организација: FAO (Организација за храна и земјоделие на Обединетите нации), GTZ (Deutsche Gesellschft fur Zusammenarbeit GmbH), мај 2004 година;

3. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија. Рурален развој и оформување на квалификувани кадри, член на SEAGA во тимот за рурален развој, 7-17 август 2004 година;
4. Проект на организација: FAO (Организација за храна и земјоделие на Обединетите нации), август 2004 година;
5. Проект: Партиципативно учење и делување/партиципативно рурално издигнување. Регионален координатор. Организација: „Натура Балканика“, Центар за рурален развој, Димитровград, Србија, 15 јули – 7 август 2004 година;
6. *Проект:* GTZ Белград, Србија. Freelance consultancy, теренски истражувач и дел од тимот подготвувач на студија. Март - ноември 2005 година;
7. Преокт: GTZ Белград/InWent. Организирање на настан и извештај. Помошник на конферецијa и известувач од истата. Ноември 2005 година;
8. *Проект:* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет - насока - Социологија, Скопје, Македонија, хонорарен консултант. Теренски истражувач. Февруари 2006 година;
9. Проект: GTZ Белград, Србија, Рурален развој /туристички развој/ видео обработка /промоција/ организирање на настанот. Асистент на проектот: The Land of Shopska. Април 2006 – февруари 2007;
10. *Проект: Брендирање на региони и продукти. Организација:* Inwent, Германија, Член на тим. февруари 2007 година;
11. *Проект:* Светска банка/ Regional Environmental Center – Будимпешта. Социоекономски истражувања. Член на тим, Помошник-координатор на проект. Јануари-мај 2007;
12. Проект: „Натура Балканика”, Центар за рурален развој, Димитровград, Србија. Туризам, НВО менаџмент. Член на тим за логистика. Мај – октомври 2007 година;
13. Проект: Регионален рурален развој. Организација: Inwent, Германија, член на тим, јуни 2007 година;
14. Проект: Елаборирање на стратегија за локален развој во Југоисточна Европа, организација: Inwent, Германија, член на тим, септември 2007 година.
15. *Проект:* GTZ Охрид, Македонија. Рурален развој /туристички развој/видео обработка /промоција/ организирање на настани.Assistant Expert – Теренски истражувач. Октомври-декември 2007 година;
16. *Проект:* Центар за развој на цивилно општество PROTECTA/EAR TPC Kalca B-143 Ниш, Србија. Теренски истражувач. Ноември 2007 – февруари 2008 година;
17. *Преокт:* GRM International AB / MAASP Program Office, Скопје, Македонија. Советодавна програма за поддршка на земјоделието во Македонија / Рурален развој. Асистент на локалниот организатор на MAASP. Септември 2008 година.
18. *Проект:* „Вмрежување и трансфер на знаење за одржлив економски развој (НЕТ-ТУР)“ - Фондација за локален и ИТ развој - Гевгелија и туристичкиот сектор во регионот на Гоце Делчев, Република Бугарија – Предавач на две обуки за човечки ресурси во туристичкиот сектор, март – јуни 2013 година.

***Тренинзи, обуки и сертификати***

1. FAO (Организација за Храна и Земјоделие на Обединетите Нации) GTZ (Deutsche Gesellschaft für Technische Zusammenarbeit GmbH), Проект: Модернизација на Македонската економија за земјоделие и храна и нејзина апроксимација во ЕУ, Скопје, Македонија. Сертификат за присуство и комплетирање (завршување). 24-28 мај 2008 година.
2. FAO (Организација за храна и земјоделие на Обединетите нации). Социоекономска и gender анализа (SEAGA) и рурален развој. Тренинг за тренери напредна методологија за истражување и анализа. Тренинг за тренери (ToT). Сертификат за завршена работилница. 7 -17 август 2004 година.
3. „Натура балканика”, Центар за рурален развој, Димитровград, Србија. PLA/PRA тренинг (Партиципативно учење и делување/Партиципативно рурално издигнување). PLA/PRA тренер. Фасилитација, модерација, партиципативна социо-економска анализа со руралната локална учесничка социоекономска анализа со локалните рурални заедници, јули 2005 година.

4. InWEnt, Германија - Брендирање на региони и продукти. Рурален развој, Сертификат за завршен тренинг, февруари 2007 година.
5. InWEnt, Германија - Регионален рурален развој, Сертификат за завршен тренинг, јуни 2007 година.
6. CBIB - Cross Border Institution Building - Тренинг за како да се направи квалитетен проектен предлог. Сертификат за завршен тренинг. 22-23 октомври 2009 година.
7. Американски совет во РМ, Македонско-американска алумни асоцијација. Работилница - „Активно учење во големи студентски групи - невозможност или предизвик?“. Сертификат за завршена работилница. 30 октомври 2010 година.
8. Црвен крст на РМ. Курс за настава за прва помош на работното место. Уверение за завршена курс за настава. 27.4.2011 година.
9. Благодарница од Факултет за Туризам и Бизнис логистика – Гевгелија за успешно организирање на изложба за Традиционална храна и алтернативни форми на туризам, 2012
10. Проектот „Вмрежување и трансфер на знаење за одржлив економски развој (НЕТ-ТУР)“ Фондација за локален и ИТ развој - Гевгелија и туристичкиот сектор во регионот на Гоце Делчев, Република Бугарија – сертификат за завршени обуки, март – јуни 2013 година.

***Работно искуство***

1. Член на теренско-истражувачкиот тим за мапирање на запоставените заедници и евалуација на социјалните потреби, групна работа, вработувач - Министерство за финансии на Република Македонија и Светска банка – IDA, март-јули 2004 г.
2. Член на SEAGA во тимот за рурален развој, вработувач - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија,7-17 август 2004 г.
3. Претпоставена за логистика, вработувач – „Натура балканика”, Центар за рурален развој, Димитровград, Србија, 15 јули – 7 август 2004 г.
4. Теренски истржувач, вработувач - GTZ Белград, Србија, март-ноември, 2005 г.
5. Помошник и известувач на конференција – GTZ Белград/InWent, ноември 2005 г.
6. Асистент на проект: The Land of Shopska, вработувач – GTZ Белград, Србија, април 2006 – февруари 2007 г.
7. Помошник-координатор на проект, вработувач – Светска банка/Regional Environmental Centar – Будимпешта, јануари – мај 2007 г.
8. Претпоставена за логистика, вработувач – „Натура балканика”, Центар за рурален развој, Димитровград, Србија, мај - октомври 2007 г.
9. Теренски истражувач, вработувач – GTZ Охрид, октомври – декември 2007 г.
10. Експерт по човечки ресурси во проектот, вработувач – Центар за развој на цивилно општество PROTECT A/EAR TPC Класа B-143, Ниш, Србија, ноември 2007 – февруари 2008 г.
11. Краткорочен асистент на локалниот организатор на MAASP, вработувач – GRM International AB / MAASP Program Offi ce, Скопје, Македонија, септември 2008 година.
12. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, Волонтер, октомври 2008 година.
13. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, помлад асистент, од март 2009 година.
14. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, асистент, од април 2012.
15. Предавач на две обуки за човечки ресурси во туристичкиот сектор, во рамките на Проектот „Вмрежување и трансфер на знаење за одржлив економски развој (NET - TOUR), Фондација за локален и ИТ развој - Гевгелија и туристичкиот сектор во регионот на Гоце Делчев, Република Бугарија, март – јуни 2013 година.

Во научноистражувачката дејност се афирмира преку учество и презентација на стручни трудови на конгреси, конференции, симпозиуми, семинари и отворени трибини во земјата и странство. Исто така, учествува во неколку научни проекти и остварува студиски престој во странство:

***Објавени научни и стручни трудови:***

1. **Angelkova Petkova, Tanja,** and Cvejić, Radoje, and Madzgalj, Jasmina, and Kuka, Miroslav (2014) *Sustainable rural tourism in the revitalization of villages in the border region between Macedonia and Serbia*. In: Naučno-stročni časopis za zaštitu životne sredine Srbije – ECOLOGICA, vol. 73.
2. **Angelkova Petkova, Tanja,** and Dimitrov, Nikola, and Josheski, Dushko (2014) *City of Bitola - destination for cultural tourism*. In: Journal Researches review of the Department of Geography, Tourism and Hotel Management, vol. 43, issue 1.
3. Serafimova, Mimoza and **Angelkova, Tanja** (2013) *Entrepreneurship as a modern managing intention in a direction of defining quality*. In: 3rd Biennial International Scientific Congress, Skopje.
4. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and **Angelkova, Tanja** and Bardarova, Snezana and Kitanov, Vladimir (2013) *Fruit - growing and viticulture at the confluence of the Crna River (Black River) in Macedonia*. In: Cultural corridor via diagonalis, cultural tourism without boundaries, Sofia-Belgrade, 03-06 Oct 2013, Sofija, Bulgaria; Belgrade, Serbia.
5. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and **Angelkova, Tanja** and Bardarova, Snezana and Kitanov, Vladimir (2013) *Grading and structure of the roads and their impact on the arrival of foreign tourists in Macedonia*. In: Cultural corridor via diagonalis, cultural tourism without boundaries, Sofia-Belgrade, 03-06 Oct 2013, Sofija, Bulgaria; Belgrade, Serbia.
6. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Bardarova, Snezana and **Angelkova, Tanja** and Kitanov, Vladimir (2013) *Financing effects and animation in tourism*. In: XII International Scientific Conference for Service Sector, Faculty of Tourism and Hospitality, 3–5 Oct 2013, Ohrid, Macedonia.
7. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Mitreva, Elizabeta and **Angelkova, Tanja** and Bardarova, Snezana and Kitanov, Vladimir (2013) *Заштита и презентација на културното наследство на Општина Прилеп за туристички цели*. In: 1st International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2013, Ohrid, Macedonia.
8. Bardarova, Snezana and Serafimova, Mimoza and **Angelkova, Tanja** (2013) *Maastricht Treaty in the shaping and development of the common foreign and security policy*. In: International Conference on Economic and Social Studies ICESOS 2013, 10-11 May 2013, Sarajevo.
9. Calkov, Petranka and **Angelkova, Tanja** (2013) *Ecotourism contemporary type of tourism*. First International Conference Mediterranean Tourism - MT-2013, 14-15 June 2013, Nis, Serbia.
10. Dimitrov, Nikola and **Angelkova, Tanja** (2013) *Macedonian tourist destinations with a built identity and image*. First International Conference Mediterranean Tourism - MT-2013, 14-15 June 2013, Nis, Serbia.
11. Mitreva, Elizabeta and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Angelkova, Tanja** and Kitanov, Vladimir (2012) *Applying the methodology of benchmarking strategy within the within the travel companies in the Former Yugoslav Republic of Macedonia*. In: International Sientific Conference, Advances in Hospitality and Tourism Marketing &Management, Conference cd proceeding, ISBN: 978-960-287-139-3 , 31-05-03- June 2012, Corfu island - Greece.
12. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Mitreva, Elizabeta and **Angelkova, Tanja** and Kitanov, Vladimir (2012) *The importance of hunting and hunting grounds for big and small game for tourism development in the basin of Crna Reka the Republic of Macedonia*. In: Second internacional Conference Management of Tourism and Entertainment - MTE, 24-27- May, 2012, Ohrid- Republika Macedonia.
13. Calkov, Petranka and **Angelkova, Tanja** (2012) *Casino – tourism, business branch for attracting tourists in southeast region*. In: Second internacional Conference Management of Tourism and Entertainment - MTE, 24-27- May, 2012, Ohrid- Republika Macedonia

14. Taskov, Nako and **Angelkova, Tanja** and Dzaleva, Tatjana (2012) *Плажите во функција на зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран*. In: Scientific-Technical Forum theme: "Tourism in Dojran Region", 20 Apr 2012, Dojran, Macedonia.
15. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Mitreva, Elizabeta and **Angelkova, Tanja** and Kitanov, Vladimir (2012) Aspects of land and their distribution in Mariovo and Raječka Valley in Republic of Macedonia. In: XII Conference on biotechnology with 'international participation, 06-07- April- 2012, Cacak, Srbija.
16. Mitreva, Elizabeta and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Kitanov, Vladimir and **Angelkova, Tanja** (2012) *The stimulus for creativity of the employees in the travel companies in the Former Yugoslav Republic of Macedonia*. In: International Scientific Congress on curent trends in tourism Management and tourism policy, 15-16- February 2012, Athens, Greece.
17. Kuzelov, Aco and Savinok, Oksana and **Angelkova, Tanja** and Mladenov, M and Naseva, Dijana (2012) *Sensory and nutritive quality of fermented dry sausages produced in industrial conditions*. Agricultural science and technology, 4 (1). ISSN 1314-412X
18. Mitreva, Elizabeta and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Kitanov, Vladimir and **Angelkova, Tanja** (2012) *Analysis of the existing management system in Macedonian companies and the necessity of accepting the TQM philosophy*. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 8 (2). pp. 54-63. ISSN 2229 - 6107
19. Kuzelov, Aco and Savinok, Olga and **Angelkova, Tanja** and Naseva, Dijana (2012) *Changes in the Chemical Composition of Some Pieces of Pork Stored and Different Temperatures*. Agricultural science and technology, 4 (1). pp. 85-88. ISSN 1314-412X
20. Mitreva, Elizabeta and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Kitanov, Vladimir and **Angelkova, Tanja** (2012) *Should There be Redesign or Reengineering of the Business Process in Macedonian Companies*. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 8 (2). pp. 64-70. ISSN 2229 - 6107
21. Đorđević, Jasmina and **Angelkova, Tanja** and Talevski, J., Stojanovski, M. (2012) *Permanentno obrazovanje za održivi razvoj – lkjuč opstanka na planeti*. In: Razvoj astronomije kod Srba VII, Astronomsko društvo – Ruđer Boškovič, Beograd, Srbija
22. Todor Stojanova, M., Popova Ilic, S., Angelova, E., **Angelkova, T.,** Ivanovski, I. (2012) *The effect of foliar fertilizing on tomatoes yield growing in protected spaces in the Strumica area*. Zbornik radova sa XVII savetovanje o biotehnologiji sa megunarodnim ucescem, 06-07. April 2012. Čačak, str. 259-363, 2012.
23. Koteski, Cane and Josheski, Dushko and **Angelkova, Tanja** (2011) *III Simpozium of imternational participation "Education in 21 century" Excursion as a form of geographical education*. In: III Simpozium of imternational participation "Education in 21 century" - Bitola, 09- december 2011-, Bitola .
**24.** **Angelkova, Tanja** and Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Mitreva, Elizabeta (2011) *Sustainability and Competitiveness of Tourism*. In: XI International Conference, 27-29-October 2011, Ohrid- Republika Macedonia.
25. Panevska F., Kuzelov A., **Angelkova T.** (2012): *Influence food has on human's sugar status*, Scientific conference with international participation common agriculture policy of European union 2020 and development of agricultural production in Bulgaria, 2012, Stara Zagora, Bulgaria
26. Kuzelov A., Sofijanova E., **Angelkova T.** (2012): *Increasing shelf life of salt-cured beef meat using the practice of modified atmosphere packaging – map*, Scientific conference with international participation common agriculture policy of european union 2020 and development of agricultural production in Bulgaria, 2012, Stara Zagora, Bulgaria
27. Panevska, Frosina and Kuzelov, Aco and Stojanovski, Mitre and **Angelkova, Tanja** (2011) *Impact of meat consumption on lipid status in humans*. In: International conference: Food Science, Enginering and Technologies, 14-15 Oct 2011, University of Food Technologies, Plovdiv, Bulgaria.
28. Mitreva, Elizabeta and Prodanovska, Vesna and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Angelkova, Tanja** (2011) *Measuring business outcomes within Macedonian travel companies*. In: Contemporary trends in tourism and hospitallity, 29-30 Sept 2011, Novi Sad, Serbia.

29. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and **Angelkova, Tanja** and Dzambazoski, Kristijan (2011) *Cultural - amusement animation factor for tourism development*. In: International Scientific Conference, Cultural corridor Sofia - Ohrid Cultural tourism Without Boundaries, 06-10-07-2011, Sofia - Bugaria - Ohrid - Macedonia.
30. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and **Angelkova, Tanja** (2011) *Climate characteristics and their impact on the development of health tourism in Katlanovska spa, R. Macedonia*. In: First International Conference, Management of Health Tourism-MHT, 25-26 June 2011, Sofija, Bulgarija.
31. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and **Angelkova, Tanja** and Bardarova, Snezana and Dzaleva, Tatjana (2011) *Management of Animation in Tourism*. In: First international Conference, Management of Toursm and Entertainment - MTE, 02-03-April 2011, Sofia - Bugaria.
32. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Angelkova, Tanja** and Dzambazoski, Kristijan (2011) *Cultural - Amusement Animation*. In: Scientific conference with international participation, opportunities and problems for the development of alternative forms of tourism in small villages, 14-16-March 2011, Plovdiv, Bugarija.
**33.** **Angelkova, Tanja** and Dimitrov, Nikola and Koteski, Cane (2011) *Sustainable development of tourist destination and its branding*. In: Scientific conference with international participation, opportunities and problems for the development of alternative forms turidzmot in small villages, 14-16-March 2011, Plovdiv, Bugarija.
34. Kuzelov, Aco and Taskov, N and **Angelkova, Tanja** and Atanasova, Elena and Mladenov, M (2011) *Impact of Live Weight on the Quality of Pigs Halves and Meat of the Large White Breed*. In: Biotechnology in Animal Husbandry.
35. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Angelkova, Tanja** and Mitreva, Elizabeta and Dzambazoski, Kristijan (2011) *The Sports –Recreational animation as a factor for tourism development*. In: The influence of tourism, April 27-29, 2011, Skopje, Macedonia.
36. Bardarova, Snezana and **Angelkova, Tanja** and Jakovlev, Zlatko (2011) *Strategic decisions in tne management of human resources. In: VII International conference on strategic management, Univerzitet u Beogradu,Tehnički fakultet u Boru, 26-28.05.2011, Zajecar, Srbija.*
**37.** **Angelkova, Tanja** (2011) On the roads of natural and cultural heritage - the trail "The Little Two" - Zabrđe, Municipality of Dimitrovgrad, Serbia. Contemporary Trends in Tourism and Hospitality, 2011, Serbia. pp. 147-153. ISSN 978-86-7031-233-3
38. Ažderski, Jovan and Pejkovski, Zlatko and Stojanova, Marina and Jakovlev, Zlatko and **Angelkova, Tanja** and Bunevski, Goko (2011) *Production and consumption of meat in Republic of Macedonia*. International 56th meat industry conference, Tara, 52 (1). pp. 187-192. ISSN 0494-9846
**39.** **Angelkova, Tanja** and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko (2011) *Opportunities for development of alternative forms of tourism in the border region of Macedonia, Bulgaria and Serbia*. Научна конференция с международно участиевъзможности и проблеми за развитието на алтернативни форми на туризъм в малките селища на страната, Пловдив . pp. 59-68.
**40.** **Angelkova, Tanja** and Jakovlev, Zlatko and Stojanova, Marina and Bardarova, Snezana (2011) *Multifunkcionalna poljoprivreda - osnova za razvoj ruralnog turizma. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, Čačak, Srbija, 16. pp. 663-667. ISSN 978-86-87611-15-3*
41. Stojanova, Marina and Popova, I. Srebra and Petrov, Petar and Vukosavljevic, Vera and **Angelkova, Tanja** and Jakovlev, Zlatko (2011) *The influence of foliar fertilizing with liquid organic fertilizers on beet yield growing in the Gevgelija area. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, Čačak, Srbija, 16. pp. 127-131. ISSN 978-86-87611-15-3*
42. Kuzelov, Aco and Taskov, Nako and **Angelkova, Tanja** and Atanasova, Elena and Mladenov, M (2011) *Changes in chemical composition of Musculus quadriceps femoris of beef kept at different temperatures*. Journal for the Improvement of Animal Husbandry, 27 (3). pp. 1083-1090. ISSN 1450 - 9156

**43.** **Angelkova, Tanja** and Josheski, Dushko and Dimitrov, Nikola (2010) *Влијанието на економската и финансиската криза врз туризмот*. IV Congress of Geographers of the Republic of Macedonia. pp. 1-10.

***Скрипти за интерна употреба:***

1. ***Нако Ташков, Тања Ангелкова, Дејан Методиески, (2010), Економика на туризам***, Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија
2. Златко Јаковлев, Тања Ангелкова, (2011) Алтернативен туризам и слободно време, Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија
3. Дејан Методиески и **Тања Ангелкова** (2012) Информативни системи во туризмот, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија
4. Дејан Методиески и **Тања Ангелкова Петкова** (2013) Истражување на туристичкиот пазар, Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија
5. Никола В. Димитров и **Тања Ангелкова Петкова** (2014) Туристички дестинации, Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија

***Тези:***

**Angelkova, Tanja** (2012) Uloga specifičnih vidova turizma u revitalizaciji pograničnih područja između Srbije i Makedonije. PhD thesis, University Singidunum, Belgrade, Serbia.; http://www.singipedia.com/

**Angelkova, Tanja** (2010) Specifični oblic*i povezivanja turizma i poljoprivrede na Staroj Planini*. Masters thesis, University Singidunum, Belgrade, Serbia; http://www.singipedia.com/

***Изработена и дизајнирана туристичко-промотивна брошура:***

1. Dr. Suzana Djordjevic - Milosevic, **Tanja Angelkova** BSc., The Land of Shopska - True hearth of the Balkans.
2. Dr. Suzana Djordjevic - Milosevic, Sergej Ivanov, Slobodan Milosevic, **Tanja Angelkov**, Caribrod - Tragovima Nasledja.

***Други трудови:***

1. Ангелкова Т. (2004): Испитување на пријателските врски помеѓу трите групи на студенти (Македонци, Албанци и Турци), Филолошки факултет, Скопје, Македонија, 2004 г.
2. Djordjevic – Miloshevic, S., Ангелкова Т. (2005): Проценка на руралните области во пограничниот регион на Србија, Бугарија и Македонија, Студија GTZ Белград, Србија.
3. *Ангелкова Т. (2005): Можности за социо-економски развој на руралните региони на Балканот, дипломска работа, Скопје, Македонија.*
4. *Ангелкова Т. (2006): Традиционално сточарство – ресурс за развој на туризмот на Стара Планина, Белград, Србија.*
5. *Ангелкова Т. (2007): Потенцијал за развој на туризам на Стара Планина – Белград, Србија.*
6. *Ангелкова Т. (2007): Развој на туристичките активности базирани на руралното наследство во регионот на Стара Планина, Белград, Србија.*
7. Djordjevic-Miloshevic, S., Ангелкова, Т., Miloshevic, S. (2007): Проценка на руралните подрачја во охридско-преспанскиот регион; студија, GTZ Охрид-Скопје, Македонија.
8. *Ангелкова Т*., at all, (2008): Туристички ресурси за екотуризам, PROTECTA/EAR-Белград, Србија.
9. *Ангелкова Т.***,** at all, (2008): SWOT анализа на област Висок; студија, PROTECTA/EAR - Белград, Србија.

***Учество на конгреси, собири, симпозиуми, трибини, обуки и сл.:***

1. Учество на Првата и Втората работилница за изработка на Туристичко акционен план (ТАП) за општините Гевгелија и Валандово - Гевгелија, Македонија
2. IV конгрес на географите на Република Македонија, Дојран, Македонија, 7-10.10.2010
3. II kongres geografa Srbije Novi Sad, Srbija, 10-11.12.2010

4. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, Čačak, Srbija, 04-05.03.2011
5. Научна конференция с международно участие, Пловдив, Бугарија, 14-16.03.2011
6. XVI међународно научно-стручно савјетовање агронома Требиње,Републике Српске, 22-25.03.2011
7. First International ConferenceManagement of Tourism and Entertainment, Sofia, Bulgaria, 02-03.04.2011
8. VII Majska konferencija o strategijskom menadžmentu sa međunarodnim učešćem, Zaječar, Srbija, 26 – 28.05. 2011
9. International scientific conference„cultural corridor Sofia-Ohrid – cultural tourism without boundaries", 06-10.07.2011
10. II biennialInternational scientific congress, The influence of tourism on economic development, Skopje, Macedonia, 27-29.02.2011
11. First International Conference, Management of Health Tourism, Sofia, Bulgaria, 25-26.06.2011
12. Međunarodno 56. savetovanje industrije mesa, Tara, Srbija, 12-15.06.2011
13. Jubilee scientific conference with international participation „90 years higher agricultural education in Bulgaria" Stara Zagora, Bugarija, 12-13.05.2011

***Настава и други активности***

Кандидатката во овој период од 2009 до 2011 година активно учествува во наставно-образовна дејност преку: подготвување и одржување вежби по предметите од студиската програма туризам и други активности околу предметите; дежура на испити – тестови и колоквиуми; прегледува и оценува семинарски работи; дава информации и појаснувања на студените во врска со одржувањето на вежбите, колоквиумите и сл.; редовно внесува податоци за студентите во електронскиот индекс; партиципира во подготвување на интерни скрипти за предавања на наставниците; изработка на презентации за предавањата и вежбите; учествува во организирање на теренска настава и посета на туристички и други објекти, саеми, манифестации кои се во интерес на студентите; координатор во организирање на традиционалната „Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот", која се одржува во Гевгелија и др. Член е на уписна комисија за студенти; член е на Пописна комисија за Факултетот туризам и бизнис логистика во Гевгелија, Штип и Скопје; член е на Комисија за проверка на студентски досиеја; учествува во организирање на студенти на манифестацијата „Смоквијада" – Гевгелија; - учествува во организирање и спроведување на пракса за студенти од насока Туризам; контрола на реализираната пракса на студентите; учествува во изработка на анкетни прашалници за теренско истражување на студенти на насоката Туризам; учествува во организирање и водење на студенти со акцијата „Засади ја својата иднина" (во зимски и летени семестари); присуствува во разни кампањи, работилници, саеми и сл. од областа на туризмот; учествува на 2 обуки во Македонија и 2 обуки во Бугарија во рамките на проектот – Networking and transfer of knowledge for sustainable economic tourism development (NET - TOUR); предавач на 2 обуки во Македонија на тема „Важност на човечките ресурси во туристичкиот сектор" и „Туристички производи и брендирање", во рамките на проектот – Networking and transfer of knowledge for sustainable economic tourism development (NET - TOUR); учествува на 2 работилници за Формирање на Туристичка асоцијација во Гевгелија; член е на ННС; член е на Комисија за доделување на ваучери, Проект на Влада на РМ; член е на Уреднички одбор во Globalization business, finance and education, ISSN 1314-4618 (Perun - Sprint ltd.); - член е на Уреднички одбор во First International Conference Mediterranean Tourism - MT-2013, Nis – Sofia; член е на Уреднички одбор во Journal of Tourism Research & Hospitality, достапно на http://www.scitechnol.com/editorialboard-tourism-research-hospitality.php

***Организациски вештини:***

Добар организатор, флексибилна и отворена личност за нови идеи. Одлични комуникациски вештини, позитивен, адаптивен и тимски играч.

***Познавање на странски јазици и информатичка технологија***

Во стручно-апликативна дејност и организационо развојна дејност, зема активно учество во седниците на Научно-наставничкиот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Познавање на англиски јазик: читање и пишување, како и познавања од: бугарски и српски јазик. Добро познавање на сите MS OFFICE APPLICATIONS и основно познавање на ADOBE PHOTOSHOP; дигитална фотографија и видеозапис, корисник на Интернет на регуларна основа, WEB DESIGN.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот и приложените документи се гледа дека кандидатката д-р Тања Ангелкова-Петкова ги исполнува критериумите, согласно со чл. 9 на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (објавен во Универзитетски гласник бр. 26 од 2.1.2013 г.).

Кандидатката д-р Тања Ангелкова-Петкова ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, согласно со горецитираниот Правилник, за да биде избрана за наставник во наставно-научно звање доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Кандидатката има соработничко искуство, соодветно образование, многубројни учества во проекти, научноистражувачки трудови и книги, работилници и др.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да **ја избере д-р Тања Ангелкова-Петкова за наставник во наставно-научно звање доцент од наставно-научната област управување со туристички простор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Никола В. Димитров, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Нако Ташков, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Дејан Методијевски, доцент, член, с.р.**

# П Р И Л О Г

## Табела за вреднување на активностите на д-р Тања Ангелкова-Петкова, доктор на економски науки, според критериумите за избор во наставници, соработници и административен персонал на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

| Ред број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| Наставно - образовна дејност | | | | |
| 1. | Вежби (од академска 2009/2010 година; до летен семестар 2013/2014 година) | 16*0.5*4 г. | | 32 |
| | **Вкупно:** | **32** | | |
| Ред број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
| | | во земјава | во странство | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) **р.б.:** 18, 20, 42 | | 3*2 | 6 |
| 2. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) (**во земјава, р.б.:** 3, 6, 7, 12, 14, 24, 43; **во странство, р.б.:** 4, 5, 8, 9, 10, 11, 15, 16, 17, 19, 27, 29, 30, 31, 32, 33, 36, 39) | 7*1.5 | 18*2 | 46,5 |
| 3. | Одбранета докторска дисертација | | 8 | 8 |
| 4. | Одбранета магистерски труд | | 4 | 4 |
| 5. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | 3*3 | 9 |
| | **Вкупно:** | **73,5** | | |
| Ред број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
| | | во земјава | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | | | |
| 1. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (**р.б.:** 23, 28, 34, 35, 37, 38, 40, 41) | | 10*3 | 30 |
| 2. | Стручни награди и признанија | 4*4 | | 16 |
| 3. | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | 2 | 2 |
| 4. | Член на факултетски органи (наставно-научен совет) | 2 | | 2 |
| 5. | Член на комисија | 2 | | 2 |
| | **Вкупно:** | **52** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **157.5** |